**Процедура за чување на информации за искуства од спроведување на стандардот**

Скопје, 01.11.2022

Според одредбите од точка 6.2 од документот PEFC BS 02:2020, ПРОЦЕДУРИ ЗА РАЗВОЈ И РЕВИЗИЈА НА СТАНДАРДИ, секое Национално Тело за Управување со ПЕФЦ стандард (НТУ) задолжително развива и одржува процедура за собирање и чување на информации поврзани со искуства од спроведувањето на стандардот.

Советот за одржливо стопанисување со шумите во Република Македонија (Советот за ОСШ) е правно лице кое е овластено од Советот на ПЕФЦ (PEFC Council) да управува со соодветните стандарди на територијата на Северна Македонија.

Во таа смисла, Советот за ОСШ ги донесува следните упатства за собирање на информации за искуства од спроведување на стандардот:

1. Лицата кои се задолжени за управување со ПЕФЦ стандардот, пред се Техничкиот секретар и Претседателот се должни редовно да ја проверуваат електронската пошта на Советот за ОСШ и доколку во истата има содржини кои се однесуваат на искуства, коментари и предлози во врска со спроведувањето на стандардот на територијата на Северна Македонија, истите да ги архивира соодветно за да може нивната содржина да се анализира и евентуално да се искористи во процесот на ревизија на стандардот.

2. Техничкиот секретар е должен еднаш во период од три месеци да го извести Претседателот на Советот за ОСШ за искуствата, коментарите или предлозите во врска со спроведувањето на стандардот во Северна Македонија. Претседателот соодветно ги презентира еднаш годишно истите наоди на Собранието на Советот за ОСШ.

3. Правните лица и поединици кои го спроведуваат PEFC MK 03:2020, Стандардот за одржливо стопанисување со шумите во Република Северна Македонија, се охрабруваат да ги споделат своите искуства и евентуални предлози за подобрување на истиот на следната електорнска адреса: pefcmk@gmail.com. Истата електронска адреса редовно се проверува од страна на одговорните лица во Советот за ОСШ и искуствата соодветно ќе се разгледаат и земат во обзир во процесот на ревизија.

Престседател,

Владимир Стојановски

ВСтојановски